и6861

ДНЕВНИК, ВТОРНИК, 18 ЈУЛИ 2000 1307, 13

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ-СКОПЈЕ

# Дали ќе се поправа покривот или ќе се сели музејот

**Нејасно е зошто да се вложуваат средства во санација на зградата, ако е предвидено Музејот да биде преместен во друг објект во центарот на градот, вели директорот Зоран Петровски**

ОГНЕНА ПОП АНДОНОВА

Во Националната програма за култура се понудени две можни, но и контрадикторни решенија за иднината на Музејот на современата уметност - едната е дека зградата, поточно покривот, треба да се поправи; а второто дека комплетниот музеј треба да се пресели во друг објект.

Раководството на Музејот оцени дека решенијата во Националната програма за култура се задоволителни, барем тие што се однесуваат за таа институција, која ќе го има статусот национална, иако според нив овој стратегиски документ има и недоследности, недоречености...

- Музејот на современата уметност во предлогот за Национална програма има добра позиција, како што и заслужува една ваква институција. Во целина програмата е позитивна, иако има и контрадикторности и паушални процени - вели директорот Зоран Петровски.

Тој го наведува делот од Програмата за позначајни вложувања во кој пишува: „Санација на покривот на Музејот на современата уметност, инсталирање клима и алармни уреди и доопремување на одделот за конзервација, како и проверка на состојбата на депоата". А веднаш потоа: „Оваа институција, која поседува исклучително вредна домашна, а особено меѓународна колекција, со децении се соочува со немотивирачка локација за посетителите што далеку повеќе ја посетуваат локацијата на Скопското кале за рекреативни потреби отколку Музејот.

Очигледно таа институција ни оддалеку не може да ја добие битката за посетители и по сè изгледа не по нејзина вина. Од тие причини потребна е разумна анализа и ако се пронајде адекватен објект за ваква намена во строгиот центар на градот, МСУ да биде преселен и да го добие заслуженото внимание од граѓаните".



Изложба „Флуксус" во Музејот на современата уметност (Волф Востел, „Пијано")

Според Петровски, нејасно е зошто да се вложуваат средства во клима и алармни уреди, во санација на зградата, ако е предвидено Музејот да биде преместен во друг објект во центарот на градот. Тој не се согласува со фактот што само Музејот на современата уметност е посочен како институција што има проблеми со локацијата и со посетеноста, кога слични проблеми имаат и другите музејско-изложбени установи.

- Треба да се направи анлиза на посетеноста на сите музеи и галерии во земјава и убеден сум дека сите тие имаат проблем со публиката. Локацијата на МСУ е проблематична, но не до толкав степен како што е на некои други. Музејот на Македонија, на пример, има многу полоша локација од МСУ, во Музејот на градот Скопје има публика само на отворањето на некоја изложба, а потоа - исто како и во другите галерии или музеи - посетеноста е многу слаба или воопшто нема посетители - вели Петровски.

Во врска со инвестициите, плановите и процените на МСУ и на Министерството за култура речиси се совпаѓаат. Имено, во апликациите за оваа и за идната година Музејот како клучни проблеми ги наведе санацијата на покривот и инсталирањето клима и алармни уреди.

Сепак, Петровски смета дека при составувањето на Националната програма требало да биде направена детална анализа на тековните проблеми во културата и да бидат консултирани стручни луѓе од институциите.